# Службен гласник на Општина Штип

Службен гласник
на Општина Штип
Излегува по потреба

Број 11
2 ноември 2018 година

Година LV

## С О Д Р Ж И Н А

Р. бр. страна

| Р. бр. | | страна |
|---|---|---|
| 561. | Решение за објавување на Одлука за давање приоритет на проекти за аплицирање на јавен повик број Втор МСИП 02/2018 | 856 |
| 562. | Одлука за давање приоритет на проекти за аплицирање на јавен повик број Втор МСИП 02/2018 | 856 |
| 563. | Решение за објавување на Одлука за давање согласност за намена на инвестицијата по мерка 124 „Инвестиции во инфраструктурата за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството наменети за инфраструктура за пристап до земјоделско земјиште за проекти „Изградба на локален пат до село Љуботен, Општина Штип, (км 0+000.00 до км1+926,41)“; „Изградба на локален пат до с. Степанци Општина Штип (км 0+000.00 до км 1+965,23)“ | 857 |
| 564. | Одлука за давање согласност за намена на инвестицијата по мерка 124 „Инвестиции во инфраструктурата за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството наменети за инфраструктура за пристап до земјоделско земјиште за | 858 |

| | | |
|---|---|---|
| | проекти „Изградба на локален пат до село Љуботен, Општина Штип, (км 0+000.00 до км1+926,41)“; „Изградба на локален пат до с. Степанци Општина Штип (км 0+000.00 до км 1+965,23)“ | |
| 565. | Решение за објавување на Одлука за определување на приоритети за проекти„Изградба на локален пат до село Љуботен, Општина Штип, (км 0+000.00 до км1+926,41)“; „Изградба на локален пат до с. Степанци Општина Штип (км 0+000.00 до км 1+965,23)“ | 859 |
| 566. | Одлука за определување на приоритети за проекти„Изградба на локален пат до село Љуботен, Општина Штип, (км 0+000.00 до км1+926,41)“; „Изградба на локален пат до с. Степанци Општина Штип (км 0+000.00 до км 1+965,23)“ | 859 |
| 567. | Решение за објавување на Одлука за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на Општина Штип | 860 |
| 568. | Одлука за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на Општина Штип | 861 |
| 569. | Решение за објавување на Одлука за давање согласност на дополнувањето на годишниот план за вработување на ЈП „Стипион 20113-Штип за 2018 година | 870 |
| 570. | Одлука за давање согласност на дополнувањето на годишниот план за вработување на ЈП „Стипион 20113-Штип за 2018 година | 870 |
| 571. | Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за измени и дополнување на Ценовникот на ЈП „Стипион 2011“-Штип за одржување на јавно осветлување во Општина Штип | 871 |
| 572. | Одлука за давање согласност на Одлука за измени и дополнување на Ценовникот на ЈП „Стипион 2011“-Штип за одржување на јавно осветлување во Општина Штип | 872 |
| 573. | Одлука за измени и дополнување на Ценовникот на ЈП „Стипион 2011“-Штип за одржување на јавно осветлу-вање во Општина Штип | 872 |
| 574. | Решение за објавување на Одлука за доделување на „Признание 8ми Ноември” за 2018 година | 874 |
| 575. | Одлука за доделување на „Признание 8ми Ноември” за 2018 година | 875 |
| 576. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства | 875 |
| 577. | Одлука за одобрување финансиски средства | 876 |

| | | |
|---|---|---|
| 578. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства од областа на спортот | 876 |
| 579. | Одлука за одобрување финансиски средства од областа на спортот | 877 |
| 580. | Решение за објавување на Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Општинската јавна установа за деца-Детска градинка „Астибо“-Штип | 878 |
| 581. | Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Општинската јавна установа за деца-Детска градинка „Астибо“-Штип | 878 |
| 582. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај од работата на ОЈУДГ „Астибо“-Штип за 2017/2018 година | 879 |
| 583. | Заклучок за усвојување на Годишен извештај од работата на ОЈУДГ „Астибо“-Штип за 2017/2018 година | 880 |
| 584. | Решение за објавување на Заклучок за донесување на Годишна програма за работа на ОЈУДГ „Астибо“-Штип за 2018/2019 година | 880 |
| 585. | Заклучок за донесување на Годишна програма за работа на ОЈУДГ „Астибо“-Штип за 2018/2019 година | 881 |
| 586. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата на ЈУДОДГ „Вера Циривири Трена“-Штип за 2017/2018 година | 882 |
| 587. | Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата на ЈУДОДГ „Вера Циривири Трена“-Штип за 2017/2018 година | 882 |
| 588. | Решение за објавување на Заклучок за донесување на Годишна програма за работа на ЈУДОДГ „Вера Циривири Трена“-Штип за 2018/2019 година | 883 |
| 589. | Заклучок за донесување на Годишна програма за работа на ЈУДОДГ „Вера Циривири Трена“-Штип за 2018/2019 година | 883 |
| 590. | Решение за објавување на Одлука за донесување на Програма за одбележување на 8$^{ми}$ Ноември 2018 година-Денот на ослободувањето на Штип | 884 |
| 591. | Одлука за донесување на Програма за одбележување на 8$^{ми}$ Ноември 2018 година-Денот на ослободувањето на Штип | 885 |
| 592. | Програма за одбележување на 8$^{ми}$ Ноември 2018 година-Денот на ослободувањето на Штип | 885 |
| 593. | Решение за објавување на Решение за измена на Решението за именување на претседател и членови на постојаните комисии на Советот на Општина Штип | 886 |

| | | |
|---|---|---|
| 594. | Решение за измена на Решението за именување на претседател и членови на постојаните комисии на Советот на Општина Штип | 887 |
| 595. | Решение за објавување на Заклучок по предлозите кои би биле содржани во Програмата за одбележување на јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија ЗА 2019 година | 888 |
| 596. | Заклучок по предлозите кои би биле содржани во Програмата за одбележување на јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија ЗА 2019 година | 888 |

561.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ ПРИОРИТЕТ
НА ПРОЕКТИ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК
БРОЈ ВТОР МСИП 02/2018

I

Се објавува Одлуката за давање приоритет на проекти за аплицирање на јавен повик број Втор МСИП 02/2018.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6227/2 | Општина Штип
2 ноември 2018 година | Градоначалник
Ш т и п | Благој Бочварски, с. р.

562.

Врз основа на член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14) и Јавниот повик за Проектот за подобрување на општинските услуги МСИП 2, Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 октомври 2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ ПРИОРИТЕТ НА ПРОЕКТИ ЗА
АПЛИЦИРАЊЕ ПО ЈАВЕН ПОВИК БРОЈ ВТОР МСИП 02/2018

Член 1

Со оваа Одлука се дава приоритет на проектите според редоследот како следува:

1. набавка на специјално возило за зимско одржување на улици
2. набавка на специјализирано возило за собирање на комунален отпад

Член 2

На проектите од член 1 од оваа одлука им се дава приоритет и согласност за намера за аплицирање на Јавниот повик на Министерството за финансии во Проектот за подобрување на општинските услуги ВТОР МСИП 02/2018, преку договор за под-заем со Министерство за финансии во висина од најмногу 16.000.000,00 денари.

Член 3

Условите за задолжување ќе се утврдат по одобрувањето на проектите од страна на Министерството за финансии, а согласно условите наведени во јавниот повик.

Член 4

Се задолжува администрацијата на Општина Штип да ја подготви потребната документација за аплицирање според барањата на Јавниот повик.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-6227/1
31 октомври 2018 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Јане Миланов, с. р.

563.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА НАМЕНА НА ИНВЕСТИЦИЈАТА ПО МЕРКА 124- ИНВЕСТИЦИИ ВО ИНФРАСТРУКТУРАТА ЗА РАЗВОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО, ШУМАРСТВОТО И ВОДОСТОПАНСТВОТО НАМЕНЕТИ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПРИСТАП ДО ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ПРОЕКТИ „ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ДО СЕЛО ЉУБОТЕН“ ОПШТИНА ШТИП (КМ 0+000.00 ДО КМ 1+926,41) И „ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ДО С. СТЕПАНЦИ“ ОПШТИНА ШТИП (КМ 0+000.00 ДО КМ 1+965,23)

I

Се објавува Одлуката за давање согласност за намена на инвестицијата по мерка 124 - Инвестиции во инфраструктурата за развој на земјоделството,

шумарството и водостопанството наменети за инфраструктура за пристап до земјоделско земјиште за проекти „Изградба на локален пат до село Лљуботен“ Општина Штип (км 0+000.00 до км 1+926,41) и „Изградба на локален пат до с. Степанци“ Општина Штип (км 0+000.00 до км 1+965,23).

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6228/2 — Општина Штип
2 ноември 2018 година — Градоначалник
Ш т и п — Благој Бочварски, с. р.

564.

Врз основа на член 21 став 1 точка 35 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 октомври 2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА НАМЕНА НА ИНВЕСТИЦИЈАТА ПО МЕРКА 124 – ИНВЕСТИЦИИ ВО ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РАЗВОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО, ШУМАРСТВОТО И ВОДОСТОПАНСТВОТО НАМЕНЕТИ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПРИСТАП ДО ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ПРОЕКТИ „ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ДО С.ЉУБОТЕН” ОПШТИНА ШТИП (км 0+000.00 до км 1+926,41) И „ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ДО С.СТЕПАНЦИ“ ОПШТИНА ШТИП (км 0+000.00 до км 1+965,23)

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност средствата кои ќе бидат доделени на Општина Штип согласно Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година за мерка **124 – ИНВЕСТИЦИИ ВО ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РАЗВОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО, ШУМАРСТВОТО И ВОДОСТОПАНСТВОТО НАМЕНЕТИ ЗА: Инфраструктура за пристап до земјоделско земјиште**, ќе бидат наменети исклучиво за планираната инвестиција (подготовка на планска и техничка документација) за проектите:

- „Изградба на локален пат до с. Љуботен” Општина Штип - (км 0+000.00 до км 1+926,41);
- „Изградба на локален пат до с. Степанци” Општина Штип - (км 0+000.00 до км 1+965,23).

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-6228/1 Совет на Општина Штип
31 октомври 2018 година Претседател
Ш т и п Јане Миланов, с. р.

565.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ
НА ПРИОРИТЕТИ ЗА ПРОЕКТИ „ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ
ДО СЕЛО ЉУБОТЕН“ ОПШТИНА ШТИП (КМ 0+000.00 ДО КМ1+926,41) И
„ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ДО С. СТЕПАНЦИ“ ОПШТИНА ШТИП
(КМ 0+000.00 ДО КМ 1+965,23)

I

Се објавува Одлуката за определување на приоритети за проекти „Изградба на локален пат до село Љуботен“ Општина Штип (км 0+000.00 до км 1+926,41) и „Изградба на локален пат до с. Степанци“ Општина Штип (км 0+000.00 до км 1+965,23).

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6229/2 Општина Штип
2 ноември 2018 година Градоначалник
Ш т и п Благој Бочварски, с. р.

566.

Врз основа на член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09,

04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 октомври 2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТ ЗА ПРОЕКТИ
„ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ДО С. ЉУБОТЕН“ ОПШТИНА ШТИП
(км 0+000.00 до км 1+926,41) И
„ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ДО С. СТЕПАНЦИ“ ОПШТИНА ШТИП
(км 0+000.00 до км 1+965,23)

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува приоритет за проектите:

- „Изградба на локален пат до с. Љуботен” Општина Штип - (км 0+000.00 до км 1+926,41);
- „Изградба на локален пат до с. Степанци” Општина Штип - (км 0+000.00 до км 1+965,23).

Член 2

Средствата за подготовка на планска и техничка документација за проектите „Изградба на локален пат до с. Љуботен” Општина Штип (км 0+000.00 до км 1+926,41) и „Изградба на локален пат до с. Степанци” Општина Штип, (км 0+000.00 до км 1+965,23), ќе се обезбедат преку Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година-мерка 124.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-6229/1 — Совет на Општина Штип
31 октомври 2018 година — Претседател
Ш т и п — Јане Миланов, с. р.

567.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА
ЈАВНИОТ ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО
НА ГРАД ШТИП

I

Се објавува Одлуката за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на град Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6230/2 Општина Штип
2 ноември 2018 година Градоначалник
Ш т и п Благој Бочварски, с. р.

568.

Врз основа на член 96 став 2 од Одлуката за комунален ред на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 16/13) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 октомври 2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИОТ ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ
НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД ШТИП

## I. Општи одредби

Член 1

Со оваа Одлука поблиску се уредува начинот на користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на град Штип.

Јавен простор за паркирање во смисла на став 1 на овој член е секое изградено градежно земјиште на подрачјето на град Штип на кое може да се паркираат возила.

Јавниот простор за паркирање од став 1 на овој член е определен со генералниот и деталните урбанистички планови на Општина Штип.

Член 2

Со оваа Одлука особено се уредува:

1. видот на јавниот простор за паркирање;
2. обележување и урбанистичко и естетско уредување на јавниот простор за паркирање;
3. одржување на јавниот простор за паркирање;

4. користење на јавниот простор за паркирање и
5. постапка за доделување на јавниот простор за паркирање.

**II. Видови на јавниот простор за паркирање**

Член 3

Јавниот простор за паркирање може да биде слободен и временски ограничен.

Под слободен простор за паркирање (без надоместок) се подразбира секој уреден и обележан јавен простор за паркирање на кој паркирањето на возилата се одвива без посебен режим на влегување и излегување и за чие користење не се наплатува надоместок.

Временски ограничениот простор за паркирање (со надоместок) може да биде отворен и затворен простор за паркирање.

Под отворен временски ограничен простор за паркирање (со надоместок) се подразбира секој уреден и обележан јавен простор за паркирање на кој паркирањето на возилата се одвива без посебен режим на влегување и излегување, но за чие користење се наплатува соодветен надоместок.

Под затворен временски ограничен простор за паркирање (со надоместок) се подразбира посебно определен простор на кој е организирано паркирање на возилата со посебен режим на влегување, излегување, чување и времетраење на паркирањето за што се наплаќа надоместок.

На јавните паркиралишта се обележуваат резервирани паркинг места за лица со посебни потреби, службени возила на МВР и службени возила на други институции од јавен интерес.

Видот на јавниот простор за паркирање го определува Советот на Општина Штип.

Член 4

Како временски ограничен простор за паркирање (со надоместок) за чие користење се наплатува соодветен надоместок се определува следниот простор:

| *Ред. број* | *Потег* | *Вид на паркирање* | *Број на паркинг места* |
|---|---|---|---|
| 1 | Улица Васил Главинов (од мост кај црква Св. Никола – до мост кај Гимназија) | Надолжно – улично | 47 |
| | | Паркинг – Административна зграда на Општина Штип ($90^{o}$) | 18 |
| 2 | Улица Васил Главинов (од мост кај Гимназија – до Камен мост) | Надолжно – улично | 24 |
| 3 | Улица Ген.Михајло Апостолски (од Камен мост – до мост кај Стопанска банка) | Надолжно – улично | 16 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4 | Улица Ген. Михајло Апостолски (од мост кај Стопанска банка – до мост кај Трговски центар (суд) | Надолжно – улично | 22 |
| 5 | Улица Ген. Михајло Апостолски (од мост кај Трговски центар (суд) – до крстосница Пролет) | Надолжно – улично | 58 |
| | | Паркинг – Суд (90°) | 14 |
| | | Паркинг – Суд (45°) | 15 |
| | | Паркинг – Суд (надолжно) | 2 |
| 6 | Улица Маршал Тито (од мост кај Трговски центар – до мост кај Стопанска банка) | Надолжно – улично | 20 |
| | | Паркинг–Студентски дом (90°) | 7 |
| | | Паркинг – Трговски (60°) | 18 |
| 7 | Улица Маршал Тито (од мост кај Стопанска банка - до Камен мост) | Надолжно – улично (лево покрај кејот) | 15 |
| 8 | Улица Маршал Тито (од Камен мост – до мост кај хотел Оаза) | Надолжно – улично | 23 |
| | | Паркинг – хотел Оаза (60°) | 41 |
| | | Паркинг – хотел Оаза (90°) | 12 |
| | | Паркинг – хотел Оаза (180°) | 13 |
| | | Ул.Кузман Јосифовски (90°) | 4 |
| | | Паркинг – плоштад – надолжно (180°) | 8 |
| 9 | Улица Маршал Тито (од мост кај Хотел Оаза-до црква Св. Никола) | Надолжно – улично | 43 |
| | | Паркинг – црква св. Никола(до Музејот) | 8 |
| | | Пред Дом на култура (180°) | 3 |
| 10 | Улица „Ванчо Прке“ (еднонасочна) | Улично – под 30° | 54 |
| | | позади Дом на култура (90°) | 29 |
| 11 | Улица „Ванчо Прке“ | Паркинг – Нама (90°) | 5 |
| | | Паркинг - Плоштад на пријателството (90°) | 7 |
| | | Паркинг-Аргач (60°) | 30 |
| 12 | Улица „Ванчо Прке“ - од Стопанска банка - до зграда Кубус (од десно гледано во правец кон трговски центар) | Улично - под 45° | 16 |
| 13 | Улица „Ванчо Прке“ - позади трговски центар (десно гледано во правец кон трговски центар) | Надолжно-улично | 16 |
| | | Улично – под 45° | 21 |
| 14 | Улица „Ванчо Прке“ – позади трговски центар – пред зграда | Улично (45°) | 5 |
| | | Пред Аптека Зегин (45°) | 7 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Кубус | | |
| 15 | Улица „Ванчо Прке“ | Паркинг–Маркет Зендолино под 90° | 10 |
| 16 | Улица Страшо Пинџур (до спојот со улица Љубен Иванов кај турското училиште) | Надолжно-улично (180°) | 7 |
| | | Пред дирекцијата на поранешен ЗИК Ц Ѕвезда (под 90°) | 23 |
| 17 | Улица Гоце Делчев (паркинг пред управната зграда на поранешен Астибо) | Паркинг број 1-лево од разделното зеленило (под 90°) | 19 |
| | | Паркинг број 2-десно од разделното зеленило (под 90°) | 16 |
| 18 | Улица Сремски Фронт | Пред зградата на Топ Инвест под 45° | 22 |
| 19 | Улица Ванчо Прке (зад управната зграда на РОБИ-службен влез) | Надолжно (лево до студентскиот дом) | 5 |
| 20 | Улица Браќа Миладиновци | Надолжно улично (8) и улично под агол од 45° (25) | 33 |
| 21 | Улица Маршал Тито (пред Здравен дом) | Улично под агол од 45° | 12 |
| 22 | Улица Партизанска (пред Автобуска станица) | под 90° | 10 |
| | | надолжно | 5 |
| 23 | Улица Сутјеска паркинг кај градскиот пазар | улично под агол од 90° | 80 |

## III. Одржување и урбанистичко и естетско уредување на јавниот простор за паркирање

Член 5

Јавниот простор за паркирање може да биде уреден и неуреден.

Јавниот простор за паркирање Општина Штип може сама да го уреди или да го отстапи на уредување на друго правно лице.

Обележувањето на јавниот простор за паркирање го врши општината.

Урбанистичкото и естетско уредување на јавниот простор за паркирање се врши врз основа на техничка документација.

Член 6

Јавниот простор за паркирање се обележува со знак за известување и со ознаки за обележување на површината наменета за паркирање на возилата.

Знакот за известување ја содржи буквата „Р“.

Доколку паркирањето на возилата е временски ограничено, под знакот има дополнителна табла со известување за времетраењето на дозволеното паркирање.

На површината на јавниот простор за паркирање, со стандардни линии во бела боја, се обележуваат онолку места за паркирање колку што е капацитетот на паркиралиштето.

Резервираните паркинг места се обележуваат со жолта боја и соодветна вертикална сигнализација ги обележува ЈП „Стипион 2011“.

Член 7

Урбанистичкото и естетско уредување на јавниот простор за паркирање подразбира:

- хоризонтално и вертикално зеленило
- урбана опрема (настрешници, клупи за седење, телефонски говорници, опрема за рекламирање, банкарски терминали и слично)
- рампа (бариера) за пропуштање на возилата
- куќичка за наплата на надоместокот за паркирање и
- посттерминали за купување на билети за паркирање

## IV. Одржување на јавниот простор за паркирање

Член 8

Одржувањето на јавниот простор за паркирање подразбира:

- чистење на просторот
- одржување на хоризонталната и вертикалната сигнализација
- одржување на урбаната опрема во исправна состојба

Доколку со јавниот простор за паркирање управува општината, одржувањето од став 1 на овој член е во надлежност на општината.

Доколку јавниот простор за паркирање е отстапен на друго правно лице (давател на услуга), одржувањето од став 1 на овој член го врши давателот на услугата.

Одржувањето на хоризонталната сигнализација подразбира обележување на линиите со свежа боја согласно одредбите на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

## V. Користење на јавниот простор за паркирање

Член 9

Слободниот јавен простор за паркирање од член 3 став 2 на оваа Одлука, се користи неограничено во текот на целиот ден.

На временски ограничениот простор за паркирање од член 4 на оваа Одлука, времето на паркирање за кое се наплатува надоместок е ограничено и тоа:

1. од понеделник до петок - од 07,00 до 21,00 часот во летниот период и од 07,00 до 18,00 часот во зимскиот период.

2. во сабота - од 07,00 до 15,00 часот.

Во ден недела, за време на државни празници и во останатиот дел од денот неопфатен со точките 1 и 2 од став 2 на овој член, користењето на временски ограничениот простор за паркирање е бесплатно.

Затворениот простор за паркирање се користи во согласност со режимот за користење што го утврдува давателот на услугата.

Член 10

На временски ограничениот паркинг простор за паркирање, лицата со посебни потреби и инвалиди на трудот ќе се паркираат бесплатно на паркинг просторот таму каде што има слободни места за што лицата треба да поседуваат посебна потврда (картичка).

Начинот и постапката за добивање и користење на потврдите (картичките) од став 1 на овој член ќе се уреди со посебен правилник.

Член 11

Заради користење на временски ограничениот простор за паркирање од член 4 на оваа Одлука може да се издаваат месечни и годишни повластени карти на следните категории корисници:

1. Лицата станари, кои имаат станови на улиците каде е предвиден временски ограничен паркинг простор (со наплата)

2. Физичките лица кои се вработени во правно лице со седиште на адресата каде е предвиден временски ограничен паркинг простор (со наплата) и

3. Физичките лица кои имаат живеалиште на адресата каде е предвиден временски ограничен паркинг простор (со наплата), а користат или управуваат возило на име на правното лице кое не е со седиште на овие улици.

Начинот и постапката за добивање и користење на месечни и годишни повластени карти од став 1 на овој член ќе се уреди со посебен правилник.

Член 12

Правните лица кои имаат седиште на улиците каде паркинг просторот е временски ограничен, имаат можност за закуп на паркинг места за кои на Општина Штип ќе плаќаат посебен надоместок.

Надоместокот од став 1 на овој член се пресметува како цена на 1$м^2$ неделна закупнина зголемена еднаш, двапати или трипати (во зависност од атрактивноста на просторот што се бара).

Одобрение за закуп на паркинг простор издава одделението за комунални дејности, а средствата од закупнината се уплаќаат на сметката на ЈП „Стипион-2011“ и се приход на јавното претпријатие.

Висината на надоместокот од став 1 на овој член го определува Советот на општината.

Начинот и постапката за добивање одобрение од став 2 на овој член ќе се уреди со посебен правилник.

Член 13

Плаќањето на надоместокот за паркирање може да се врши на неколку начини и тоа:

1. со грепки
2. со општинска потврда за платен паркинг - налепница (т.н. вињета)
3. со СМС пораки

Грепката може да биде од час и целодневна.

Вињетата може да биде неделна, месечна или годишна.

Грепките ќе се продаваат на јавно достапни места во објекти со кои ЈП „Стипион 2011“ ќе склучи договор. На објектите каде ќе се продаваат грепки на видно место ќе биде истакната табла со ценовник на паркирањето.

Вињетата ќе се продава во просториите на ЈП „Стипион 2011“ или во посебни објекти (куќички) за наплата на надоместокот за паркирање поставени на јавно достапни места.

Плаќањето со СМС пораки ќе се уреди со посебен правилник.

Член 14

Висината на надоместокот од член 9 став 2, член 11 и 12 од оваа Одлука за користење на временски ограничениот простор за паркирање го определува Советот на Општина Штип.

Доколку управувањето со паркинг просторот од став 1 на овој член општината го преотстапи на јавно претпријатие, надоместокот го утврдува управниот одбор на јавното претпријатие по претходна согласност на Советот на општината.

Доколку управувањето со просторот од став 1 на овој член општината го преотстапи на друго правно лице, надоместокот го утврдува правното лице (давател на услугата) по претходна согласност на Советот на општината.

## VI. Постапка за доделување на јавниот простор за паркирање

Член 15

Со постоечкиот простор за паркирање во градот управува и го одржува ЈП „Стипион 2011“-Штип.

За користењето и одржувањето на паркинг просторот од став 1 на овој член, Општина Штип донесува годишна програма по предлог на ЈП „Стипион 2011“-Штип.

Јавниот простор за паркирање од член 3 став 4 на оваа одлука, општината може да го даде на уредување, користење и стопанисување на друго правно лице со дозвола (концесионер) кое за тоа на Општина Штип му плаќа одреден надоместок.

Надоместокот од став 3 на овој член го определува Советот на општината и истиот се пресметува како цена на 1м$^2$ закупнина зголемена еднаш, двапати или трипати (во зависност од атрактивноста на просторот што се бара).

Давање на користење и стопанисување на друго правно лице со дозвола, Општината го врши врз основа на спроведено јавно наддавање преку електронскиот систем e-stvari.mk

По конечноста на постапката, општината со давателот на услугата склучува договор за користење на јавниот простор за паркирање.

Од име на општината, договорот од став 7 од овој член го склучува градоначалникот на општината.

Договорот од став 7 на овој член содржи:

- назив на давателот на услугата;
- опис на јавниот простор а паркирање;
- висината на надоместокот што давателот на услугата го плаќа на општината;
- висината на надоместокот з користење на паркинг местото;
- режим за користење на просторот за паркирање и
- останати одредби договорени помеѓу договарачите.

## VII. Преодни и завршни одредби

Член 16

Овластени контролори имаат право да им постават блокатори на тркалата од возилото (лисици) или отстранување на возилото (со пајак-возило) во следните случаи:

1. Неовластено користење на постоечкиот простор за паркирање утврден во Одлуката за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на град Штип.

2. Паркирање на места кои не се наменети за паркирање

3. На возила чии сопственици нема да го платат надоместокот за користење на временски ограничениот простор за паркирање.

Начинот и постапката за поставување и отстранување на блокаторите за тркала (лисици), отстранувањето на возило (со пајак-возило), како и висината на надоместокот за отстранување на блокаторите и користење на пајак служба ќе се уредат со посебен правилник (воведување на пајак служба, поради донација на пајак возило од страна на Град Скопје).

Член 17

На закупените паркинг места од член 12 на оваа одлука, не е дозволено поставување на бариери од типот рампи, ланци и слични препреки кои претставуваат пречка во безбедното одвивање на сообраќајот.

Истите се обележуваат со соодветна хоризонтална и вертикална сигнализација поставена од страна на ЈП „Стипион 2011“ на сметка на закупувачот, по претходно утврдени места од Одделението за комунални дејности и ЈП „Стипион 2011“-Штип.

На временски ограничениот простор за паркирање од член 4 на оваа Одлука, закупените паркинг места можат да бидат не повеќе од 10% од бројот на паркинг места утврдени во редниот број во табелата.

Составен дел на оваа Одлука е Графички приказ со утврдени можни закупени паркинг места.

Член 18

Контрола над спроведување на оваа Одлука врши овластениот општински комунален инспектор и овластениот општински инспектор за патишта.

Член 19

Со влегување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на град Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 11/10, 01/13, 08/14, 10/14, 05/15, 07/15, 08/15, 13/15, 03/17, 01/18 и 09/18).

Член 20

Правилниците од член 10, 11, 12 и 16 ќе се донесат во рок од три месеци од денот на стапување во сила на оваа Одлука.

Член 21

Поради конфигурација на теренот и неможност за колски пристап до влезот на станбените објекти, можност за привилегирана картичка за паркирање, согласно одредбите на оваа одлука, имаат жителите и правните лица на следните улици: Рајко Жинзифов, Добре Радосављев, Никола Нехтенин, Ѓорче Петров, Јосиф Ковачев (од мостот кај Стопанска банка до кружниот тек) и на Исарот.

Во сите останати случаи (пр. крстосници на две и повеќе улици), доколку се работи за станбен простор и постојат услови за добивање на ваква картичка, оправданоста на барањето ќе се утврдува по увид на лице место извршен од овластени лица на Општина Штип и ЈП „Стипион-2011“.

Член 22

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-6230/1 Советот на Општина Штип

31 октомври 2018 година Претседател

Ш т и п Јане Миланов, с. р.

569.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ДОПОЛНУВАЊЕТО НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈП „СТИПИОН 2011“-ШТИП ЗА 2018 ГОДИНА

I

Се објавува Одлуката за давање согласност на дополнувањето на Годишниот план за вработување на ЈП „Стипион 2011“-Штип за 2018 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6231/2
2 ноември 2018 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
Благој Бочварски, с. р.

570.

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 3, став 2 и 11 од Законот за јавниот сектор („Службен весник на РМ“ број 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 октомври 2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ДОПОЛНУВАЊЕТО НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈП „СТИПИОН 2011“-ШТИП ЗА 2018 ГОДИНА

Член 1

Се дава согласност на дополнувањето на Годишниот план за вработување на ЈП „Стипион 2011“-Штип за 2018 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е дополнувањето на Годишниот план за вработување на ЈП „Стипион 2011"-Штип за 2018 година, со архивски број 0403-368/1 од 8 октомври 2018 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 08-6231/1 Совет на Општина Штип
31 октомври 2018 година Претседател
Ш т и п Јане Миланов, с. р.

571.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ
НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЦЕНОВНИКОТ
НА ЈП „СТИПИОН 2011"-ШТИП ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА
ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за измени и дополнување на Ценовникот на ЈП „Стипион 2011"-Штип за одржување на јавно осветлување во Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 09-6232/2 Општина Штип
2 ноември 2018 година Градоначалник
Ш т и п Благој Бочварски, с. р.

572.

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 октомври 2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЦЕНОВНИКОТ НА ЈП „СТИПИОН 2011“-ШТИП ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Се дава согласност на Одлуката за измени и дополнување на Ценовникот на ЈП „Стипион 2011“-Штип за одржување на јавно осветлување во Општина Штип.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката за измени и дополнување на Ценовникот на ЈП „Стипион 2011“-Штип за одржување на јавно осветлување во Општина Штип со архивски број 0202-369/3 од 10 октомври 2018 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-6232/1 — Совет на Општина Штип
31 октомври 2018 година — Претседател
Ш т и п — Јане Миланов, с. р.

573.

Врз основа на член 11 став 2 точка 7 од Статутот на ЈП „Стипион 2011“-Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 10/12 и 08/13), Управниот Одбор на ЈП „Стипион 2011“-Штип на седниците одржани на ден 18 септември 2018 година и 10 октомври 2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЦЕНОВНИКОТ НА ЈП „СТИПИОН 2011”-ШТИП ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Во Ценовникот на ЈП „Стипион 2011"-Штип за одржување на јавно осветлување во Општина Штип број 0202-293/2 од 15 декември 2018 година, на кој е дадена согласност со Одлука на Советот на Општина Штип број 08-707/1 од 31 јануари 2018 („Службен гласник на Општина Штип" број 01/18) табелата во член 3, став 1 се менува и гласи:

| Р.бр. | РЕПРОМАТЕРИЈАЛИ | ЕМ | Единечна цена без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1. | Живина сијалица 125W | бр. | 150,00 |
| 2. | Живина сијалица 160W | бр. | 180,00 |
| 3. | Живина сијалица 250W | бр. | 250,00 |
| 4. | Живина сијалица 400W | бр. | 450,00 |
| 5. | Натриумова сијалица 250 W | бр. | 135,00 |
| 6. | Натриумова сијалица 400 W | бр. | 250,00 |
| 7. | Халогена сијалица 250W | бр. | 250,00 |
| 8. | Халогена сијалица 400W | бр. | 380,00 |
| 9. | Халогена сијалица 500W | бр. | 400,00 |
| 10. | Сијалица јодна 1000 W | бр. | 600,00 |
| 11. | Сијалица јодна 1500 W | бр. | 800,00 |
| 12. | ЛЕД Сијалица 32 W | бр. | 370,00 |
| 13. | ЛЕД Сијалица 15 W E27 | бр. | 150,00 |
| 14. | Подна сијалица 2,3 | бр. | 1.200,00 |
| 15. | Подна сијалица 2,7 | бр. | 1.600,00 |
| 16. | Ампула за рефлектор 300 W | бр. | 400,00 |
| 17. | Штедлива сијалица 85 W | бр. | 380,00 |
| 18. | Неонка економик 27 W | бр. | 180,00 |
| 19 | Пригушница за внатрешна монтажа 125 W | бр. | 380,00 |
| 20. | Пригушница за внатрешна монтажа 250W | бр. | 1.000,00 |
| 21. | Пригушница за внатрешна монтажа 400W | бр. | 1.370,00 |
| 22. | Комплет арматура 125 W вандерма | бр. | 1.800,00 |
| 23. | Фасонки Е27 - порцелански | бр. | 40,00 |
| 24. | Фасонки Е40 - порцелански | бр. | 110,00 |
| 25. | Заштитно стакло Ф 200 | бр. | 280,00 |
| 26. | Форел со оптичко око | бр. | 900,00 |
| 27. | Контактор 63А | бр. | 3.000,00 |
| 28. | Контактор 80А | бр. | 3.900,00 |
| 29. | Тајмер со меморија, седмодневен | бр. | 800,00 |
| 30. | Автоматски осигурачи 25А | бр. | 150,00 |
| 31. | Автоматски осигурачи 16А | бр. | 150,00 |
| 32 | Автоматски осигурачи 63А | бр. | 250,00 |
| 33. | Ножест осигурач 63А | бр. | 200,00 |
| 34. | Постоље за осигурачи | бр. | 300,00 |
| 35. | Патрон 25А | бр. | 15,00 |
| 36. | Комплет подножје за опална топка од 125W | бр. | 940,00 |
| 37. | Опална топка ф-400 | бр. | 300,00 |
| 38. | Топка Ф-400 | бр. | 900,00 |
| 39. | Стега за кабел АЛ 2х16 | бр. | 100,00 |
| 40. | Кабел лиснаст 3х2,5 мм | бр. | 40,00 |
| 41. | Кабел П/Ф 1х1,5 мм | бр. | 15,00 |
| 42. | Кабел П/Ф 1х2,5 мм | бр. | 20,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 43. | Кабел ПП 3x2,5 мм | бр. | 50,00 |
| 44 | Кабел ПП 3x1,5 мм | бр. | 28,00 |
| 45. | Алкалекс кабел 2x16мм | бр. | 80,00 |
| 46. | Преносни гајки | бр. | 100,00 |
| 47. | Обрач за дрвен столб | бр. | 800,00 |
| 48. | Обрач за бетонски столб | бр. | 100,00 |
| 49. | Металхалоген рефлектор 250 W | бр. | 2.800,00 |
| 50. | Металхалоген рефлектор 400 W | бр. | 3.300,00 |
| 51 | ЛЕД рефлектор 200 W | бр. | 4.700,00 |
| 52. | Упаљач за металхалогена сијалица 250-400 W | бр. | 650,00 |
| 53. | Фасонки за рефлектор со металхалогена сијалица | бр. | 150,00 |
| 54. | Изолирбан | бр. | 30,00 |
| 55. | Затегачи за X00/6 | бр. | 30,00 |
| 56. | Арматура 125 W UL- комплет | бр. | 220,00 |
| 57. | Сенила завандерма | бр. | 100,00 |
| 58. | Комбинирани AL-Cu спојници 6-35мм | бр. | 120,00 |
| 59. | Подножје VL | бр. | 200,00 |
| 60. | Кабел ПГП 3x1,5 | бр. | 30,00 |
| 61. | ПВЦ капаци за заштита на инсталацијата на металните столбови | бр. | 10,00 |
| 62. | Кабел (1КW) | | |
| | Кабел PP00-A 4x50 мм2 | м | 600 |
| | Кабел PP00-A 4x35мм2 | м | 400 |
| | Кабел PP00-A 4x25мм2 | м | 280 |
| | Кабел PP00-A 4x16 мм2 | м | 190 |
| | Кабел PP00 4x10 мм2 | м | 200 |
| | Кабел PP00 4x6 мм2 | м | 180 |
| 63. | Метална заштитна цефка Ф 50 мм | м | 350 |
| 64. | Заземјителна трака ФеЗн 25x4 | м | 500,00 |
| 65. | Железно-поцинкована трака ФеЗн 25x4мм$^2$.ЈУС 901.ч со просечна должина 1,5м,која на едниот крај се поврзува на металниот столб со шраф М8,а со другиот крај преку спој ЈУС Н.Б.4.936 се поврзува преку лента. | бр. | 1.000,00 |
| 66. | Опозорителна лента”опасно по живот” | м | 180,00 |
| 67. | Пластична цефка Ф 100мм во ископан ров | м | 100,00 |
| 68. | Ниско напонска спојница за каблови заедно со материјал 1 KV од 6-35 мм$^2$ | бр. | 1.200,00 |
| 69. | Лед улична светилка 48W (арматура) | бр. | 4.000,00 |
| 70. | Лед улична светилка 75W (арматура) | бр. | 6.200,00 |
| 71. | Светилка Лед 40 W (E27) | бр. | 520,00 |
| 72. | Светилка Лед 32 W (арматура) | бр. | 9.500,00 |
| 73. | Дрвена бандера x=8м | бр. | 8.000,00 |
